# РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА
# УПРАВЕН СУД

## <u>РАСПОРЕД ЗА РАБОТА</u>
**на вработените во судската служба на Управен суд за 2018 година**

---

**Скопје, јануари 2018 година**

Претседателот на Управниот суд, Бурим Сејдини, согласно со член 88 од Законот за судовите („Службен весник на РМ“бр.58/2006, 35/2008 и 15/2010) и член 112 и 113 од Судскиот деловник („Службен весник на РМ“бр.66/2013 и бр.114/2014), а врз основа на донесениот Распоред за работа на Управен суд за 2018 година од претседателот на Судот, на ден 04.01.2018 година, го донесе следниот:

## РАСПОРЕД ЗА РАБОТА
### на вработените во судската служба на Управен суд за 2018 година

Судскиот службеник **Снежана Кипровска** – виш судски соработник, се распоредува да ги врши стручни работи кои се во надлежност на судската управа за потребите на претседателот на Судот, како и должностите во надлежност на судскиот администратор.

**Лепосава Веноска**, виш судски соработник, освен за извршување на стручните работи кои се во надлежност на судската управа за потребите на претседателот на судот, се распоредува да работи и како стручен судски соработник на претседателот на судот Бурим Сејдини, кој како судија постапува во првиот совет кој одлучува по предметите од областа на финансиските прашања, јавните набавки и други сродни права. Исто така, стручниот судски службеник **Лепосава Веноска** се определува и за лице за вршење на работите од областа на јавните набавки во Судот.

Во случај на спреченост или отсуство, на **Снежана Кипровска**-виш судски соработник, ќе ја заменува **Лепосава Веноска** –виш судски соработник.

Администратор на АКМИС е судскиот службеник **Сања Цветкова**, советник – информатичар. Исто така, судскиот службеник Сања Цветкова ќе врши изработка на месечни, периодични и годишни извештаи за работата на Судот, како и извештаите од Работното тело за управување со движењето на предметите во овој суд и работи со судската управа.

Судскиот службеник **Драги Јосимовски**, советник – информатичар, се распоредува да ги врши другите работи кои ги опфаќа работното место советник – информатичар согласно Правилникот за систематизација на работните места во Управен суд, како и работи со судии и вработените во судската служба поврзани со тековното работење т.е. функционирање на информатичкиот систем во судот.

Во случај на спреченост или отсуство, судски службеници Сања Цветкова и Драги Јосимовски, меѓусебно се заменуваат.

### СТРУЧНИ СУДСКИ СЛУЖБЕНИЦИ

Стручните судски службеници **Ајла Шех**, помлад судски соработник и **Снежана Стаменовска Христова** - судски соработник, се распоредуваат да работат

со судиите Анета Џигерова, Благородна Аранѓелова, Ељмедине Асани и Рамије Абдурахими Цара.

Во случај на спреченост или отсуство, наведените стручни судски службеници меѓусебно се заменуваат.

Стручните судски службеници, **Љубица Стојковска Перковска-** виш судски соработник и **Сали Бајрами** - помлад судски соработник се распоредуваат да работат со судиите Драгослав Радичевски, Лулзим Салиу, Габријела Михајловска и Дрита Мемети.

Во случај на спреченост или отсуство, наведените стручни судски службеници меѓусебно се заменуваат.

Стручните судски службеници, **Емилија Џоневска**- судски советник и **Незаат Реџепи** - помлад судски соработник, се распоредуваат да работат со судиите Нада Иванова, Мустафа Шахини и Весна Јовановска.

Во случај на спреченост или отсуство, наведените стручни судски службеници меѓусебно се заменуваат.

Стручните судски службеници **Игорчо Точев** – виш судски соработник, **Биљана Димовска** – помлад судски соработник се распоредуваат да работат со судиите Тања Терзиева, Исмета Амет и Едита Насковска.

Во случај на спреченост или отсуство, наведените стручни судски службеници меѓусебно се заменуваат.

Стручните судски службеници **Ивана Смугревска** и **Јована Василевска Мициќ**, виши судски соработници, се распоредуваат да работат со судиите Димитрула Апостоловска, Бурим Сејдини и Валентина Конеска. Исто така, стручниот судски службеник **Јована Василевска Мициќ** се определува и за лице кое ќе постапува по доставените претставки и предлози во Судот, согласно со одредбите од Законот за постапување по претставки и предлози и одредбите од Судскиот деловник. Во случај на отсуство на стручниот судски службеник **Јована Василевска Мициќ**, ја заменува **Емилија Џоневска.**

Во случај на спреченост или отсуство, наведените стручни судски службеници меѓусебно се заменуваат.

Стручните судски службеници **Ана Ѓорѓиевски** – судски соработник и **Роберт Јордев -** судски соработник, се распоредуваат да работат со судиите Дитурије Елези Незири, Ана Герасимовска и Даниела Антовска.

Во случај на спреченост или отсуство, наведените стручни судски службеници меѓусебно се заменуваат.

Стручните судски службеници **Јован Трпевски** – раководител на одделение за човечки ресурси и **Авдиљ Јонузи** – помлад судски соработник, се распоредуваат да работат со судиите Есма Алибашиќ Јонуз и Билјана Никодиновска Петровска

Во случај на спреченост или отсуство, наведените стручни судски службеници меѓусебно се заменуваат.

Стручнот судски службеник **Добрила Бришкоска Арсова** – виш судски соработник и **Роланда Доко** – помлад судски соработник се распоредуваат да работат со судиите Марта Телегравчиска и Ѓоко Живковски, а додека стручниот судски службеник **Мирјанка Тренчевска** – виш судски соработник се распоредува да работи, со судиите Гордана Илиевска, Снежана Трповска и Газменд Фејзуљи.

Во случај на спреченост или отсуство, наведените стручни судски службеници меѓусебно се заменуваат.

Стручниот судски службеник **Атеме Јакуповска** – помлад судски соработник, ќе биде распоредена по нејзиното враќање на работа од породилно отсуство.

Во случај на спреченост и други оправдани причини, стручните судски службеници од советот за имотно – правна област и други сродни права, ги заменуваат стручните судски службеници од советот за денационализација и други сродни права.

Во случај на спреченост и други оправдани причини, стручните судски службеници од советот за денационализација и други сродни права, ги заменуваат стручните судски службеници од советот за урбанизам, градежништво и други сродни права.

Во случај на спреченост и други оправдани причини, стручните судски службеници од советот за урбанизам, градежништво и други сродни права, ги заменуваат стручните судски службеници од советот за имотно – правна област и други сродни права.

Во случај на спреченост и други оправдани причини, стручните судски службеници од советот за пензии, права од пензиско и инвалидско осигурување и други права, ги заменуваат стручните судски службеници од советот за царини, концесии, јавни приватни партнерства и други сродни права (прв совет).

Во случај на спреченост и други оправдани причини, стручните судски службеници од советот за царини, концесии, јавни приватни партнерства и други сродни права (два совети), взаемно се заменуваат.

Во случај на спреченост и други оправдани причини, стручните судски службеници од специјализираниот судски оддел за финансиски прашања, јавни набавки и други сродни права во рамките на кој се формирани три судски совети, взаемно се заменуваат по метод на ротација, односно стручните судски службеници од првиот совет, ги заменуваат стручните судски службеници од вториот совет, стручните судски службеници од вториот совет ги заменуваат стручните судски службеници од третиот совет и стручните судски службеници од третиот совет ги заменуваат стручните судски службеници од првиот совет.

## АДМИНИСТРАТИВНО – ТЕХНИЧКИ СУДСКИ СЛУЖБЕНИЦИ

Во приемната писарница се распоредуваат административно – техничките судски службеници: **Анета Митиќ**, самостоен судски референт за прием и експедиција на пошта, и судскиот референт – доставувач **Рахман Исуфи**. Во приемната писарница се распоредуваат и **Фатиме Шаќири Буши**-помлад судски референт и операторот на телефонска централа **Симе Арсовски.**

**Решат Баки**, се распоредува да врши помошни работи за потребите на магацинско работење, за приемната писарница и ќе врши работи што ги опфаќа непотполнетето работно место доставувач и да помага при експедирање на пошта.

Во судската писарница се распоредуваат административно – техничките судски службеници:

**Наташа Кузмановска**, виш судски референт – извршител во писарница, се распоредува како водител на судската писарница, која ќе постапува и по писмените барања за известување во врска со прашања за постапката по определени предмети.

**Хабибе Идризи**, помлад судски референт – извршител во писарница, се распоредува за вршење на работи што ги опфаќа непополнетото работно место – технички секретар на претседателот на Судот, а воедно ќе врши помошни работи на судскиот службеник **Лилјана Јосифовска**.

**Елена Бојковска,** виш судски референт – извршител во писарница се распоредува за вршење на работи што ги опфаќа непотполнетото работно место – технички секретар на администраторот на судот, како и изработка на месечен распоред за работа на дактилографите со судиите. Исто така, ќе постапува по поднесените барања-ургенции за правосилност на одлуки и судење во разумен рок.

**Соња Величковска**, самостоен судски референт– водител на писарница се распоредува да работи со предметите од имотно – правната област и други сродни права.

**Ирина Дивјак,** помлад судски референт – извршител во писарница и **Панче Блажевски**, помлад судски референт – извршител во писарница, се распоредуваат да работат со предметите од денационализација и други сродни права.

**Александра Петковска ,** помлад судски референт – извршител во писарница се распоредува да работи со предметите од областа на урбанизмот, градежништвото и други сродни права.

**Рухан Лимани**, помлад судски референт – извршител во писарница се распоредува да работи со предметите од областа на пензиите, правата од пензиско и инвалидско осигурување и други сродни права.

**Шкелзен Лимани**,помлад судски референт-извршител во писарница, се распоредува да работи со предметите од областа на пензиите, правата од пензиско и инвалидско осигурување и други сродни права.

**Весна Михајлова**, виш судски референт – извршител во писарница се распоредува да работи во советот кој постапува со предметите од областа на јавните набавки и други права составен од судиите Димитрула Апостоловска, Бурим Сејдини и Валентина Конеска.

**Драган Илиевски,** помлад судски референт – извршител во писарница, се распоредува да работи во советот кој постапува со предметите од областа на финансиски прашања, јавните набавки и други сродни права составен од судиите Дитурије Елези Незири, Ана Герасимовска и Даниела Антовска.

**Жаклина Грујиќ** - помлад судски референт – извршител во писарница, се распоредува да работи во советот кој постапува со предметите од областа на финансиски прашања, јавните набавки и други сродни права составен од судиите Есма Алибашиќ Јонуз и Билјана Никодиновска Петровска.

**Бујар Зибери**, помлад судски референт – извршител во писарница се распоредува да работи во советот кој постапува со предметите од областа на царини, концесии, јави приватно партнерства и други сродни права составен од судиите Марта Телеграфчиска и Ѓоко Живковски.

**Александра Крстева**, помлад судски референт, помлад судски референт – извршител во писарница се распоредува да работи во советот кој постапува со предметите од областа на царини и други сродни права составен од судиите Гордана Илиевска, Снежана Трповска и Газменд Фејзуљи.

**Блаженка Паневска,** виш судски референт - извршител, се распоредува да работи на експедиција на одлуки во одделот кој постапува со предметите од областа на царини, концесии, јавни приватно партнерства и други сродни права

**Сара Алил**, помлад судски референт – извршител во писарница, ќе биде распоредена по нејзиното враќање на работа од породилно отсуство.

Вишите судски референти за обработка на документација – дактилографи, **Славица Лазороска**, **Весна Коцевска**, **Александра Гоческа Крстевска**, **Рената Николовска**, **Бојана Ѓаковска** и **Николина Коловска** во моментот ќе работат со сите судии во Судот, според претходно утврден месечен распоред за работа кој ќе го изготвува судскиот службеник **Елена Бојковска**.

Судскиот службеник **Горан Величков**, виш судски референт – архивар, се распоредува да ги извршува работите во архивата на Судот и до вработување нов судски службеник, привремено да ги извршува и работните задачи што ги опфаќа описот на работното место виш судски референт – економ.

Судските службеници **Мимоза Чупеска**, самостоен референт – сметководител и **Светлана Терзиска**, виш судски референт – благајник, се рапоредени во одделение за финансиско и материјално работење.

За вршење на помошно –технички работи во судот, се распоредува и **Елена Тренеска** – хигиеничар.

**ПРЕТСЕДАТЕЛ НА УПРАВЕН СУД**
**Бурим Сејдини**